Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Дентална имплантологија			
2.	Код	ОХИДИ3			
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по импантологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	6
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Даниела Велеска-Стевковска (одговорен наставник), Едвард Јанев, Марија Пеева- Петреска, Сања Панчевска, Снежана Пешевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	ислушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање со условите и целите за изведување на имплантолошка терапија, селекција и подобност на пациенти за имплантолошки третман и компетенции по однос на планирањето на имплантолошката постапка, припрема и манипулација со хируршкиот инструментариум за дентални импланти како и одржување и чистење на супраструктурите над имплантите. Фокусот на едукацијата е кон примената на стратегии за професионална и домашна нега на имплантите, базирани на индивидуалните ризик профили на пациентите, како и перманентна мотивација заради превенција на периимплантни болести и компликации како клучен фактор за долгорочен успех на комплексната реставративна терапија со импланти. Студентите се запознаваат со различните видови на протетички надоместоци, конвенционален и дигитален протокол за работа како и потребните инструменти при протетичката рехабилитациј на пациентите како и начинот на исхрана и процесот на адаптација.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава -предавања** **1.Поглавје- хируршки аспекти при постава на импланти** - Вовед во денталната имплантологија, Анатомо-топографски карактеристики на виличните коски како предуслов за поставување на дентални импланти 1 час -Индикации и контраиндикации од медицински аспект, материјали и видови на дентални импланти 1 час -Хируршка техника (имедијатна и медијатна) на вградување на дентални импланти, запознавање со имплантолошките сетови, физиодиспензерот и припремата на инструментариумот и оперативното поле 2 часа			

		Резултати од 1 поглавје: студентите се запознаваат со условите и целите за изведување на орална имплантолошка терапија, селекција и подобност на пациенти за имплантолошки третман како и припремата и манипулацијата со хируршкиот инструментариум за дентални импланти и улогата на стручната стоматолошка сестра во имплантолошката сала. **2. Поглавје - супраструктури над импланти** - Видови и класификација на супраструктури (абатменти; сулкус формери; хирушки водич; фиксни, условно мобилни и мобилни протетички надоместоци) ……..... 2 час - Конвенционални и дигитални протоколи за работа. Исхрана и адаптација кај пациенти со протетички надоместоци над импланти ……..... 1 часа Резултати од 2.поглавје - студентот ќе ги изучи различните видови на протетички супраструктури, ќе се запознае со конвенционалниот и дигитален протокол за работа како и со исхраната и адаптацијата кај пациенти со протетички надоместоци над импланти **Поглавје 3 Периимплантно здравје и периимплантни болести и состојби-дијагностичко тераписки аспекти и мерки за превенција и одржување на периимплантно здравје** Периимплантни ткива - анатомохистолошки карактеристики, микробиом на периимплантен биофилм; Фактори на ризик и етиопатогенеза на периимплантните заболувања 1 час Класификација на периимплантни болести и состојби и дијагностички пристап во имплантологијата 1 час Периимплантен мукозитис и периимплантитис: клиничка слика, дијагноза и терапија 1 час Нехируршки, хируршки третман на периимплантни заболувања и дополнителни тераписки модалитети (примена на ласери, фотодинамична терапија, пробиотици, наноматеријали, биоинжинеринг) 1 час Индивидуализирана превенција и одржување на имплантите – професионална орална хигиена и мотивација и едукација за примена на основни и помошни средства за одржување на хигиена во домашни услови и евалуација на успешност на имплантот 3 часа Стратегии за одржување и долгорочен успех на имплантите и периимплантното здравје 1 час Резултати од 3 поглавје: Студентот ќе биде подготвен да ги објасни анатомските и хистолошките карактеристики на периимплантните ткива и микробиолошкиот состав на периимплантниот биофилм. Идентификацијата на ризик факторите и основното познавање на етиопатогенетските механизми на развој на периимплантни болести ќе овозможи студентот да ја разликува клиничката слика, дијагнозата и тераписките приоди кај периимплантен мукозитис и периимплантитис, вклучително и адјувантните терапии. Акцентирана е неговата улога во препознавањето на патолошките клинички промени и навременото упатување кај стоматолог. Фокусот на едукацијата на стручната стоматолшка сестра-орален хигиенолог е кон примената на стратегии за професионална и домашна нега на имплантите, базирани на

		индивидуалните ризик профили на пациентите. Перманентното едуцирање и мотивирање на пациентите за правилна орална хигиена и превенција на периимплантни компликации ја заокружува компетентноста со која ќе се здобие студентот како клучен фактор за долгорочен успех на комплексната реставративна терапија со импланти. **Вкупно: .....*15 часа*** ***Практична настава-вежби*** ***- Од првото поглавје ..... 5 часа*** ***- Од второто поглавје ..... 5 часа*** ***-Од третото поглавје 5 часа*** ***Вкупно ..... 15 часа***			
13	Заемна поврзаност на предметите		Поврзаност со орална хирургија, стоматолошка протетика, пародонтологија			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот		Интерактивна настава, вежби лабораториски или клинички, работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа (спрема спецификите на предметот)			
15.	Вкупен расположив фонд на време		**90 часа**			
16.	Форми на наставните активности		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови		**15 часа**
			16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови		**15 часа**
			16.3.	Пракса: часови		
17.	Други форми на активности		17.1.	Проектни задачи: часови		
			17.2.	Самостојни задачи: часови		
			17.3.	Домашно учење - задачи		
18	Услови за потпис					
19	Начин на оценување					
	19.1.	Тестови: бодови			30	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			10	
	19.3.	Завршен испит: бодови			60	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			до 59 бода	5 (пет) (F)	
				од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
				од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
				од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
				од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
				од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна на студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот			
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Randolph Resnik Misch's	Contemporary Implant Dentistry 4th Edition	Mosby	2019
		2.	Milan Jurišić, Dragoslav Stamenković, Aleksa Marković, Aleksandar Todorović, Božidar Dimitrijević, Vojislav Leković, Vitomir Konstantinović, Miroslav Vukadinović	Oralna implantologija	Stomatoloski fakultet Beograd	2008
		3.	Newman, M. G., Takei, H., Klokkevold, P. R., & Carranza, F. A.	Carranza's Clinical Periodontology (13th ed.)	St. Louis, MO: Elsevier.	2019
		4.	Wingrove, S. S., & Watterson, D.	Implant Maintenance: A Guide for Dental Hygienists	Ames, Iowa: Wiley-Blackwell.	2013
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Carl E.Misch	Contemporary Implant Dentistry 3rd Edition	Elsevier	2007
		2.	Jovan V. Perović	Oralna implantologija	Agencija za marketing i zeppelin reklame DON VAS	2004
		3.	International Team for Implantology (ITI)	ITI Treatment Guide, Volume 11: Peri-Implantitis	Quintessence Publishing	2022
		4	Carl E Misch	Dental implant prosthetics 2 edition	Elsevier Mosby	2015